ШУМАРСТВО И ВОДОСТОПАНСТВО
Бр. 33-4382 / 4
17.04.2019 20__ год.
СКОПЈЕ

Република Северна Македонија

**Министерство за земјоделство,
шумарство и водостопанство**

СЕКТОР ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО

15 април, 2019

АРХИВСКИ БРОЈ: 33-4382/4

Министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство врз основа на член 95 од Законот за рибарство и аквакултура ("Службен весник на Република Македонија" 7/08, 67/10, 47/11, 53/11, 95/12, 164/13, 116/14, 154/15, 193/15, 39/16 и 83/18), донесува

## РЕШЕНИЕ

### за дополнување на Решението за забрана за риболов на риболовните води во периодот на природен мрест на рибите во 2019 година

1. Се дополнува Решението за забрана за риболов на риболовните води во периодот на природен мрест на рибите во 2019 година, со периодот за воведување на тотална забрана за лов на сите видови риби во риболовната вода Дојранско Езеро од 15 април до 20 мај 2019 година.
2. Се задолжува Македонската риболовна федерација да ги извести концесионерите и на својата WEB страна да објави известување за периодот на забрана на Дојранското Езеро.
3. Ова решение влегува во сила со денот на неговото донесување.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Забраната за вршење риболов во одделни риболовни води и видови риби се носи заради овозможување на непречен природен мрест на рибите, а врз основа на доставениот предлог за забрана на риболов.

На риболовната вода Дојранско Езеро нема концесионер и на истото е забрането вршење риболов. Иако на оваа риболовна вода е забранет риболовот, тоталната забрана во неведиот период на Дојранското Езеро во 2019 година се носи како резултат на договореното со соодветните институции во Република Грција.

Република Северна Македонија

**Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство**

СЕКТОР ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО

Правна поука: Против ова решение може да се поведе управен спор пред надлежен суд во рок од 30 дена од денот на приемот на решението.

МИНИСТЕР,
Љупчо Николовски

Изработил: Виолета Михајлоска
Контролирал: Игор Бојаџиевски
Согласен: Абдигафар Синани